РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 Бр.08-341
04.08.2017 година
Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и алинеја 20, член 70 и член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), согласно член 4 став 1 алинеја 6 и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола на непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-227 од 24.04.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.49/17) и Заклучокот бр.02-3473/10 од 04.08.2017 година, на својата 27-ма седница одржана на 04.08.2017 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. НЕ Е УСПЕШЕН Јавниот конкурс за доделување дозвола на непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, на ромски и македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола на непрофитна радиодифузна установа Уп1 бр.08-227 од 24.04.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.49/17), поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 24.07.2017 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава.

2. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по повод Писмото за намера (Барање) за отворање на непрофитно радио на подрачјето на општина Штип поднесено од страна на Здружението на Ромите, Черења Штип (наш арх.бр.03-1380/1 од 17.03.2017 година) и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, бр.08-1978/1 од 06.04.2017 година, на својата 17-та седница одржана на 21.04.2017 година донесе Одлука, Уп1 бр.08-227 од 24.04.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.49/17), за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола на непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, на ромски и македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Штип, која ќе се емитува преку радиофрекфенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 90.0 MHz.

Согласно точка 12 од цитираната Одлука за објавување на јавен конкурс пријавата за учество на јавниот конкурс се поднесува во рок од 90 (деведесет) дена, кој рок тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија" (24.04.2017 година). Во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 24.07.2017 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не беше примена ниту една пријава.

Членот 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Имајќи го предвид наведеното, во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола на непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво („Службен весник на Република Македонија" бр.49/17), со оглед дека во утврдениот рок за поднесување пријави во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука дека не е успешен предметниот јавен конкурс. Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата согласно Заклучокот бр.02-3473/10 од 04.08.2017 година, на 27-мата седница, одржана на 04.08.2017 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- претседателот на Здружението на Ромите, Черења Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1), и
- Агенцијата за електронски комуникации.